## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### Од Седмото продолжение на Сто и шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 01 февруари 2006 година

Седницата се одржа во салата на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,02 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Како што сте известени, продолжуваме со работа по Сто и шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љупчо Мешков, Јани Макрадули, Весна Борозан, Ванчо Ѓорѓиев, Рафет Моминович, Силвана Бонева, Ганка Самоиловска Цветановска, Никола Груевски, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Љубчо Горгиевски, Иван Стоилковиќ, Али Ахмети, Абдулаким Адеми, Абдуладi Вејсели и Сашо Богдановски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Застанавме кај точката 45 - Предлог програма за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2006 година.**

Претресто по текстот на Предолгот на програмата е заклучен.

Треба да пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да ме известат колку се воопшто потпишани таму.

Потпишани се 60 пратеници.

Ги молам пратениците, ако сакаат или можат, ова сакаат и не треба да го кажам, но ги молам да влезат во салата, бидејќи сепак тоа е нивна обврска.

Службите нека го утврдат бројот на присутните.

(Службите го утврдуваат боројот на присутните)

Благодарам.

Во салата се присутни 62 пратеници, но сепак ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи знам дека во Клубот има уште десетина.

Во ред, бидејќи имаме доволно за кворум, Предлогот на програмата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Се извинувам, грешка, собрав погрешно. Ми се случува и мене.

Во салата се присутни 52 пратеници.

Ги молам, навистина, пратениците да влезат во салата.

Сепак, бидејќи има 62 потпишани, претпоставувам се повеќе од 15 од опозицијата кои, еве сега не се присутни во салата, молам позицијата, а ќе ја замолам и опозицијата во 11,30 да бидеме тука за да можеме да пристапиме кон гласањето.

Објавувам пауза до 11,30 часот.

(по паузата седницата продолжи со работа во 11,31 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата.

Ние, почитувани пратеници, во Службата правиме статистика на најупотребувани зборови во говорите. Еден од најупотребуваните од моја страна е "молам".

Затоа, ги замолувам, ги замолувам, пратениците да влезат во салата.

Не сакам да наредувам, бидејќи не е тоа дел од мојот карактер, па затоа уште еднаш ги замолувам, ги замолувам, ги замолувам, ги замолувам, ги замолувам пратениците да влезат во салата. Знам дека се во Клубот.

Службата нека го утврди бројот да видам уште колку треба да молам.

(Службите го утврдуваат бројот)

Присутни се 61 пратеник, но сепак ќе причекаме уште 2-3 минути, бидејќи десната страна ми е многу малку попразна.

Левата страна е празна, но тоа е по дефиниција.

Почитувани пратеници, сега имаме 62 пратеници, доволно да работиме за кворум.

Ги молам пратениците да седната на своите места, сите да стиснат барем било кое копче.

Претресот по текстото на Предлогот на програмата е заклучен.

Предлогот на програмата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници, 53 гласале, 51 гласале за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе програмата.

**Минуваме на точката 46 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на Анкентна комисија за испитување на последиците од стечајот на Експорт- Импорт банка врз Буџетот на Република Македонија.**

Предлагачи се група пратеници.

Господинот Андреј Жерновски не е тука, нареден е господинот Слободан Најдовски занчи тој е застапник на предлагачите.

Предлогот на Одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (Никој)

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресто.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам на гласање.

Од 65 присутни, 57 гласале, 56 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точка 47 - Предлго на закон за учебниците за основното и средното образование.**

Предлагач е госпоѓица Грковска.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, допосите на Законодавно правната комисија и Комисијата за образование наука и спорт и Мислењето на Владата ви се доставени.

Согласно точка 2 од Амандман X на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство галсови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Коста Прешоски поднесе амандмани на член 7 став 2 точка г); член 14 став 6; член 24 алинеа 2 и на член 28 став 3 по кои предлагачот не се произнесе.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 2 точка г); поднесен од пратеникот Коста Прешоски.

Го молам предлагачот да се произнесе.

Има збор госпоѓица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 14, став 6 поднесен од пратеникот Коста Прешоски.

Го молам предлагачот да се произнесе.

Има збор госпоѓица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 24, алинеа 2 поднесен од пратеникот Коста Прешоски.

Го молам предлагачот да се произнесе.

Има збор госпоѓица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 28 став 3 поднесен од пратеникот Коста Прешоски.

Го молам предлагачот да се произнесе.

Има збор госпоѓица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлогот на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Господине Коста имате збор.

Повелете господине Прешоски.

**Коста Прошески:** Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Оваа проблематика ми е добро позната и тоа ми дава за право да се произнесам по текстот на законот за учебници во основното и средното образование.

Се јавив за дискусија по текстот на овој закон од причина што овој закон е единствен од таков вид што ја регулира оваа област сублирирано и во целост. Мислам дека пред нас имаме закон применлив во праксата и што, по неговата примена, ќе даде резултати.

Сакам да напомнам дека предлагачот на овој законски проек, почитуваната госпоѓица Грковска е добро упатена во сферата што треба законоски да се регулира и таа, на оваа проблематика и пријде со сета своја стручност, сериозност и потребното внимание. Во овој Предлог на закон се има предвид и се вградени забелешките, мислењата и предлозите дадени во општа јавна расправа и основата на пленарната седница на ова Собрание.

Почитувани пратеници,

Квалитетни учебници се предуслов за квалитетен образовен процес. Учебникот е една од најзначајните алки во образовниот процес и токму поради таквата улога се наметна потребата денес да го донесеме овој закон. Ќе го подржам ваквиот текст на законот, но сум во дилема дали е најдобро да го прецизирам поимот "учебник".

Така во член 2 предлагачот детално го дефинира поимот "учебник" и сега под учебник ќе се подразбира не само, така наречен, основен учебник, како што беше досега, туку и помошна литература. Член 2 став 3, ќе цитирам: "Учебникот во смисла на овој закон ги содржи прирачниците, збирките задачи, работните тетратки, контролните задачи и друга придружна литература неопходна за реализирање на програмите за воспитна образовната дејност во основното и средното образование утврдени со наставниот план и порграма".

Да кажам дека со една ваква идеа се сложувам, но не и со предлогот издавањето на придружната литература да ја поминуваат истата процедура како и основниот учебник. Мислам дека со една долумна, со една поедноставна постапка определена и утврдена со законот ќе можеше и оваа категорија на учебници да биде контролирана на еден подруг начин. Но, што е тука е. Да се надеваме дека можеби во иднина законот ќе претрпи измени во овој правец, праксата можеби ќе ме демантира.

Во член 4, глава 1, Основни одредби се дефинираат и други стандарди што треба да ги исполнува учебникот, како научни, етички и други

воспитно образовни. Потоа, дека учебникот не смее да содржи рекламни пораки и огласи, став 3. Особено оваа појава е присутна при издавањето на придружната литература. Повеќе за јавноста ќе се задржам на ставовите 5,6 и 7 од членот 4 на Законот. Цитирам: "Забрането е продавање на учебници во установите на основно и средно образование.

Забрането и донирање на било какви средства, стоки или услуги од страна на автори или издавачи на учебници во установите на основното и средното образование.

Вработен во основното и средното образование не смее да биде инволвиран во какви било финансиски трансакции кои се врзани за продажба односно избор на учебници". Мислам дека посебен коментар не е потребен.

Во мојата понатамошна дискусија ќе се задржам на Глава 2, Услови и постапка за одобрување на учебници за употреба и издавање.

Ако добро се проанализира текстот на законот ќе се види дека токму во овој дел од законот, поточно во постапката има следственост и целовитост, со што уште повеќе се зајакнува моето убедување да го подржам законот.

Ќе се обидам сублимирано и накратко да ја образложам целата постапка за издавање на учебници. Така, Програмата за одобрување на учебници за употреба и за издавање ја донесува Бирото, а ја донесува министерот член 5 став 1.

Врз основа на програмата Министерстото во првата недела од февруари и октомври секоја учебна година распишува конкурс за одобрување на учебници за употреба и издавање, член 5 став 2.

На конкурсто учествува авторот на учебникот член 7 став 1.

Со членот 16 став 1 од законот се регулира кој може да биде автор на учебникот.

Додека со член 17 став 1 се потенцира се кој не може да биде автор на учебник. Така цитирам: "Вработен во педагошката служба, бирото, Управата за развој и напредување на образованието на јазицита на припадниците на заедниците и Државниот инспекторат не може да биде автор на учебник". Како што нагласив на конкурсот учествува авторот на учебникот и при тоа со став 2 од членот 7, се прецизира се што треба да приложи авторот.

Да се напомене дека авторот на учебник на јазикот на припадниците на заедниците е должен ракописот да го поднесе на македонски јазијк и на јазикот на заедницата за кој е наменет учебникот, член 7, став 3.

Рокот за доставување на ракописите, на учебниците не може да биде пократок од шест месеци од денот на објавувањето на конкурсот.

По истекот на рокот за доставување на ракописи, јавно се објавува списокот на сите ракописи што конкурирале, при што посебно треба да се истакне дека тој списотк со ракописите, имињата на авторите и рецензентите се доставува и до сите учесници на конкурсот. Тоа е регулирано со член 5 став 6.

Кога сме кај рецензентите треба да се каже дека министерот во првата недела на јули за секоја учебна година утврдува листа на рецензенти за соодветните наставни предмети, член 8 став 1. Мислам дека ова е навистина добро решение.

Министерот, на предлог на Педагошката служба формира Комисија за стручно вреднување на ракописите на учебниците. Тоа е уредено со членот 9. Посебно ќе го цитирам став 5 на член 9, кој гласи " Член на Комисијата како и член на неговото семејство не може да биде вработен во Министерството ниту пак автор, рецензент или стручен соработник на учебникот кој е одобрен или се одобрува за употреба во истиот вид на училиште, како и издавач или пак лице кое е во друг договорен однос со издавачот, кои би можеле да влијаат на објективноста на оценувањето, за што доставува изјава до Педагошката служба". Тука мислам дека посебен коментар не е потребен.

Инаку, сето ова го прифаќам, бидејќи мислам дека на овој начин ќе немаме преклопување на интереси и ќе се обезбеди независност и разграничување на интересите во сферате на учебникарството. Органите на министерството т.е. од една страна ќе го имаме Бирото за развој на образованието, со неговата развојна компонента и обезбедување современи наставни планови и програми и Комисијата за вреднување на ракописи за учебници, како посебно експертско тело што ќе врши дел од процедурата на издавањето на учебници.

Добро решение е тоа што авторот може да поднесе образоложено барање до министерот за изземање на член на Комисијата. Тоа е регулирано со член 19.

Понатаму, Педагошката служба, врз основа на рецензираните ракописи за учебник и стручното мислење на Комисијата, на министерот му предлага ракопис за учебник за одобрување и употреба. Тоа е регулирано со член 10 став 1.

Предходно, стручното мислење на Комисијата се доставува до авторот кој може во рок од 8 дена по приемот да поднесе приговор, се разбира, ако е незадоволен, до Педагошката служба, член 18 став 1.

Педагошката служба одлучува во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на приговорот, член 18 став 2.

Посебно треба да се напомене дека може пред донесувањето на оценката за учебникот, Комисијата да побара од авторот во рок од 15 дена да ги отстрани утврдените недоследности и да го доработи учебникот. Одлуката на Педагошката служба по приговорот е конечна, по што истата му предлага на министерот учебници за употреба.

Решението за одобрување на учебник донесува министерто, член 10 став 2. Вакво решение се

донесува најдоцна во рок од 90 дена од денот на завршувањето на конкурсниот рок за доставување на ракописот. Тука, исто така треба да се истакне дека, цитирам член 11 став 2: "Ако со решението се одбие барањето, односно не се одобри употреба на учебникот, на подносителот на барањето за одобрување на учебник заедно со решението, задолжително му се доставува и стручното мислење на Комисијата и Предлогот на Педагошката служба. Авторот, незадоволен од решението, во рок од 15 дена од приемот може да поднесе жалба до надлежната комисија на Владата". Значи, утврдена е второстепеност во жалбената постапка.

После тоа, конечното решение се објавува во Службен весник на Република Македонија и со тоа постапката за одобурвање учебници завршува. Следствено, авторот во рок од 6 месеци по приемот на решението за одобрување на учебникот за употреба е должен истиот од македонски јазик да го преведе и издаде на јазикот на припадниците на заедниците кои истите ќе го користат. Тоа е регулирано со член 22.

За издавање на учебници Министерството распишува тендер на кој што учествуваат издавачките куќи. Притоа се наброени и обврските на издавачите, при што треба да се потенцираат две, и тоа: печатењето на одобрениот учебник и обезбедувањето на неговата достапност до книжарските мрежи издавачот да го заврши најдоцна еден месец пред почетокот на учебната година и издавачот се придржува до цената на учебникот утврден на тендер.

Исто така, со членот 17 став 2 се дефинира кој се не може да биде издавач на учебник.

Би се задржал уште на неколку одредби од законот и тоа дека во текот на учебната година не може да се објави конкурс за учебник што би се користел во наредната учебна година - став 3 на членот 6. Потоа дека со членот 14 се дефинира што се подразбира под поимот "малотиражни учебници" и можноста Министерството да партиципира во издавањето на таквите учебници. Цитирам: "Малотиражни учебници се оние кои имаат тираж најмногу до 500 примероци кои се наменети за ученици во основните и средните училишта чиј број не е поголем од 500 запишани ученици во Република Македонија во соодветно одделение или паралелка во тековната учебна година".

На крајот ќе се задржам на Глава 5 - Употреба на одобрените учебници во училиштата. За употреба на учебник во основното и средното училиште одлучува наставничкиот совет. Донесената одлука не може да се менува во текот на учебната година - член 28 став 1. За избор на учебници кои ќе бидат во употреба во наредната година училиштето е должно да ги извести родителите на учениците, односно учениците и Министерството до крајот на јули во тековната година. Значи и тука во овој дел се става ред.

Мислам дека со овие одредби од законот ќе се избегне можноста за злоупотреба и наметнат притисок врз наставниот кадар во интерес одобрениот учебник да биде прифатен во даденото училиште, поради блискоста со некои издавачи и т.н.

По сето тоа што го кажав, ќе го поддржам донесувањето на овој закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Лепиткова, имате збор, повелете.

**Соња Лепиткова:** Благодарам претседателе.

Мојата дискусија ќе биде сосема кратка во насока на тоа дека ние овој закон го разгледувавме во првата фаза, ги дадовме своите сугестии, забелешки во насока на подобрување на текстот на законот и тогаш како пратеници со своето гласање покажавме дека сме во функција на тоа учебникарството да се уреди како материја која навистина е исклучително важна и значајна и јас можам да потенцирам, не гледајќи ги членовите како членови дека Комисијата за образование и наука беше ускратена со мислење од Владата, односно од Министерството за образование и наука, да може во предвидениот рок да подготви и свои амандани, затоа што навистина мислењето го добивме подоцна откако роковите кои ги предвидува Собранието беа пробиени како такви.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот Слободан Најдовски)

Закон за уредување на оваа материја, односно закон за учебници во основното и средното образование е потребен закон и од тие причини во првата фаза јас како пратеник ја поддржав потребата од донесување на ваков закон и притоа дадов свои сугестии, од кои дел како такви во втората фаза при конечниот текст се вградени, дел не се вградени. Меѓутоа, како што реков, рокот за поднесување амандмани не го испочитувавме и како Комисија и како пратеници очекувајќи го мислењето од Владата, со надеж дека ќе добиеме сугестии од Владата и Министерството и ќе можеме да влијаеме кон тоа, она што беше наша цел, да можеме да добиеме интегрален текст на законот, на кој и Министерството за образование и наука ќе даде согласност, затоа што, уште еднаш ќе потенцирам, ова е исклучително значајна материја и како таква треба во сферата на образованието да се уреди.

Мојата забелешка ќе се однесува само во делот на казнените одредби, затоа што и во првата фаза го потенцирав тоа, каде што во членот 29 се дадени казнените одредби, дека со парична казна од 200 илјади до 300 илјади денари ќе се казни за прекршок основно и средно училиште и други установи на основно и средно образование ако се продаваат учебници спротивно од одредбите 4, став 4 и 5 од овој закон, што е сосема во ред и како такво треба да се регулира. Можеби оваа висина на средства, усогласена со други закони, е во ред, меѓутоа, во членот 9 каде што се формира комисија за утврдување на усогласеноста на

учебниците со концепцијата на наставниот план и програми, јас сметам дека во ставот за казнени одредби треба да биде уредено дека исто така казни ќе следуваат и за Комисијата ако по извесен временски период се утврди дека таа совесно не ја извршувала својата законска одредба, да ги почитува нормите кои што се утврдени со овој закон, а сведоци сме дека по извесен период се утврдува одредени учебници кои се позитивно оценети од страна на Комисијата, понатаму се гледаат одредени пречки и аномалии во самата нивна исправност на рецензирањето односно на позитивната потврда од страна на Комисијата.

Тоа е мојата забелешка. Генерално јас како пратеник ќе го поддржам овој закон затоа што сметам дека е потребен да ја уреди оваа материја и можеби во натамошна фаза кога практично ќе се согледаат одредени недостатоци во неговата имплементација ќе се оди во насока на негово пополнување и измена, меѓутоа, секако, како таков е потребен и позитивно ќе се изјаснам по овој Предлог-закон. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Славица Грковска.

Повелете госпоѓице Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Конечно, и покрај тоа што овој закон беше предложен веќе во октомври, ставен на седницата во декември, се наоѓаме во состојба денес да го разгледуваме на дневен ред. Меѓутоа, се надевам дека тоа воопшто нема да влијае, а се покажува и од дискусијата на претходните дискутанти, на квалитетот на дискусијата, со оглед на тоа што актуелноста на прашањето можеби е многу поголемо во септември и октомври, но е актуелна постојано.

Еден од клучните фактори за развој на секоја држава е секако квалитетен образовен систем, кој овозможува фундаменталните вредности на општеството да бидат имплементирани, меѓутоа, исто така да бидат имплементирани и досегашните достигнувања на науката, како и продлабочување на знаењето. Токму затоа секоја држава посветува сериозно внимание на една од значајните карики на овој систем, а тоа се учебниците. Токму затоа, секоја држава посветува сериозно внимание на квалитетот на учебниците, на прилагодување на наставните планови и програми, на предизвиците што ги носи новото време за сметка на застарените и непотребни содржини со кои учебниците во еден добар дел се обременети , воведување на информациони технологии како дел од надгледните средства, односно создава услови за квалитетно надградување и стекнување на знаења и градење на кадри кои тоа знаење ќе можат и ќе бидат во состојба да го применат веднаш штом ќе завршат со школувањето, затоа што некој рекол дека е можно да бидат и во вашата меморија милиони факти и се уште да бидете потполно необразован.

Значи ние мора да обезбедиме еден систем кој ќе го спречи токму ова последното.

За да се постигне ова, воопшто не се потребни посебни зафаќања од буџетскиот систем, односно финансиски зафаќања од Буџетот. Потребни се добри законски и подзаконски решенија кои ќе обезбедат механизми за квалитетен избор на квалитени учебници, механизми за сузбивање на сите аномалии кои што се појавија во сферата на учебникарството, но и строги казни за секој оној што нема да ги почитува правилата на игра.

Почитувани пратеници, пред вас е конечната верзија на законот, која претставува обид да се понудат токму вакви решенија. Во суштина, целите кои се сака да се постигнат со законот останаа исти во споредба со оние од првата фаза, меѓутоа, благодарение на сите учесници во јавната расправа овој законски текст во оваа фаза нуди далеку подобри решенија и за тоа би сакала да им се заблагодарам на сите учесници кои дадоа свој придонес со квалитетни предлози за вакво нешто. Меѓутоа, вклучени се и сите сугестии на Министерството, кои според нивното тврдење беа неопходни за Министерството да даде позитивно мислење на овој закон. Токму затоа, изненадуваат коментарите и мислењето од страна на Министерството по повод овој закон, меѓутоа, за тоа малку подоцна.

Законот во суштина нуди нови решенија кои досега ги немало во ниту еден акт, а исто така ги прецизира и постојните решенија. За прв пат се предвидува Бирото за развој на образованието да изготвува концепција за секој предмет поединечно, што досега не е случај. Ќе се задржам само на оние делови кои во оваа фаза се различни од оние предлози и решенија во втората фаза.

За прв пат се предлага во овој закон авторите јавно да конкурираат на конкурсот, а потоа по изборот на ракописите за учебници Министерството да објави јавен тендер на кој што ќе учествуваат издавачите и под строги правила на игра ќе може на тој начин да се формира пазарна цена на учебниците во смисла да имаме квалитетни учебници и содржински, меѓутоа, и по квалитетот на изработка, учебници кои што навремено ќе бидат доставени во училиштата, во книжарската мрежа, значи, најдоцна еден месец пред почетокот на училишната година, да имаме учебници кои што ќе бидат достапни за секого, значи квалитетни ученбници по колку е можно пониска цена со што практички ќе се овозможи олеснување на зафаќањата кои што родителите ги имаат и на трошоците кои што ги имаат на почетокот на секоја училишна година.

За прв пат се предвидува да се забрани донирање на какви било средства, стоки и услуги од страна на автори или издавачи, но, исто така за прв пат се забранува вработен во воспитно образовните институции да учествува во било какви финансиски трансакции кога станува збор за учебникарството.

За прв пат се предвидува дека во текот на учебната година Министерството не може да објави конкурс за учебник што би се користел во наредната учебна година. Се случуваше до сега да има такви случаи. Родителите да се случи да купат веќе учебник кој што нема да го користат во наредната година и тоа создаваше дополнителни трошоци за нив.

За прв пат се предвидува потполна јавна и транспарентна постапка на избор и на рецензенти. Колегата Прешоски истакна дека министерот првата недела во јуни секоја учебна година на предлог на образовните институции ќе објавува список на рецензенти кои што ќе бидат објавени во службен весник и на тој начин, со тоа што јавно ќе бидат презентирани рецензентите, практички се зголемува нивната одговорноста за препораките и сугестиите што ќе ги дадат за ракописот за учебник и точно ќе се знае одговорноста кој ја носи одговорноста за квалитетен учебник. Тоа не е само авторот, тоа се и авторот и рецензентите и Комисијата за стручно оценување на учебниците и на Педагошката служба и на издавачите. Значи, на сите оние кои што претставуваат еден ланец и имаат одговорност во одредена фаза до конечниот избор на учебник кој што ќе се употребува за употреба.

Нема да се задржувам на оние делови, на оние членови кои што ги спомна господинот Прешоски, сакам да нагласам само неколку. Во законот се пропишани строги рокови и за жалба можност авторите да побараат да се измени одреден член од Комисијата доколку имаат индиции кои што би можеле да влијаат на објективно оценување на ракописите кои што се поднесени. Меѓутоа, исто така и обврска до авторите откако нивниот учебник ќе биде одобрен во рок од 6 месеци да го преведат и издадат на јазиците на припадниците на заедниците кои истиот ќе го користат. Ова е член кој воопшто досега не фигурирал во ниту една законска одредба и практично претставува реакција на проблемите со кои се соочуваат припадниците на заедниците во текот на своето образование. Тие се соочуваат со недостиг на учебници на нивниот мајчин јазик, а доколку сакаме и доколку нашата држава овозможува школување на мајчин јазик на припадниците на заедниците, тогаш треба да обезбеди и законски механизам, кој ќе биде тој што ќе биде обврзан да го почитува и да им обезбеди учебници на нивниот мајчин јазик.

За прв пат се предвидува Педагошката служба да води регистар на одобрени учебници и евиденција на застапеноста на учебниците за употреба во основните и средните училишта и за прв пат се предвидува Министерството да објави каталог на одобрени учебници, кој ќе биде достапен за сите родители, каталог кој ќе ги содржи сите информации кои се неопходни родителите да добијат колку е можно полесно точна информација кои учебници се одобрени. Често се случува, заради немањето на такви информации, да се користат учебници кои воопшто не се официјално одобрени од Министерството.

На крајот, преодните и завршните оредби. Мене ми е многу жал што навистина мислењето стигна доцна, сугестијата од госпоѓата Лепиткова е навистина добра, меѓутоа, за жал сега не сме во позиција да ја вградиме како дел од текстот. Но јас сум убедена дека глобалните одговорности се покриени со казнените одредби. Тие се прилично високи заради тоа што секој треба да биде свесен дека индивидуалното однесување во целиот образовен систем е исто така значајно како и колективната политика што се води, дека не може некој да си дозволи своеволно однесување, дека не може било кој вработен ниту пак директор да врши било какво влијание при изборот на тоа кој учебник ќе се одобрува, дека училиштата ќе бидат обврзани најдоцна до 30 јуни да објават список на учебници кои ќе ги користат наредната година, дека сите издавачи ќе бидат обврзани најдоцна еден месец пред почетокот на училишната година да ги достават учебниците до книжарските мрежи, а не да ги претвораат училиштата во книжарници или во простории за бизнис и спроведување на други интереси. Исто така, се предвидува и строга одговорност за директорот на училиштата, меѓутоа, и за другите одговорни во целата оваа постапка.

На крајот, во преодните и завршните одредби, нешто што мислам дека е многу важно, а тоа го предвидуваат и скорешните измени на законите за основно и средно училиште, кои ги направивме, а тоа е да се прави ревизија на секои 5 години на оние учебници кои биле одобрени во извесниот период. До сега ревизија на учебниците што се во употреба не е направена. Јас зборував во првата фаза дека претходните законски одредби овозможија наплив на огромен број учебници, кога немаше такво ограничување кое го направивме да биде во три години. Многу од нив не се употребуваат, меѓутоа, остануват официјално како во употреба, а има и еден многу битен момент.

И покрај тоа што до сега беше законска обврска во законите за основно и средно образование, да постои методологија на изработка на учебник, таква методологија за изработка на учебник до сега не е направена. Имало некакви обиди, меѓутоа, за жал и тој дел не е испочитуван. Значи, тоа се неколку сегменти зошто мислам дека колку е можно побрзо, конечно треба да се направи ревизија. Се разбира, тоа не може да биде наеднаш, за да не се доведеме во непријатна ситуација да бидат повлечени учебници и да ги оставиме учениците без учебник, меѓутоа, со еден систематски план мислам дека треба Министрството да преземе такви чекори со кои што конечно ќе расчисти со оние учебници, кои што едноставно не одговараат на она што ние би сакале да го имаат учебниците и на она што би сакале учебниците да го овозможат на нашите ученици.

Сега, со оглед на тоа што, обично мислењето кое што се дава по повод на законите кои што се предлагаат од пратеници, има влијание врз одлуката на пратениците дали одреден закон ќе поддржат или не, јас ќе се задржам на одредени коментари кои што се дадени во мислењето. За жал, изјавите на Министерството за овој закон беа прилично контрадикторни и тоа почнувајќи уште од моментот кога овој закон беше предложен во прва фаза, а потоа и понатаму, од тоа дека ваков закон не е потребен, дека Министерството ќе предлага ваков закон и дека Министерството ќе предлага измени во Законот за основно и средно образование, до тоа дека Министерството за образование и наука подготвува ваков закон и дека токму заради тоа би требало да го повлечам овој предлог. Меѓутоа, ќе се воздржам од коментарите дадени во медиумите, ќе се задржам само на официјалното мислење кое е од Министерството предложено. Ако веќе имавте прилика да го анализирате мислењето, имавте прилика да ги слушнете дискусиите и на господинот Пресшовски и на госпоѓата Лепиткова кои беа прилично исцрпни, ќе видите дека тезата со Предлогот на законот се предлага формирање на нови тела кои би работеле на оваа проблематика е потполно неточна. Јас воопшто незнам на кои тела ова се однесува и мислам дека ќе беше коректно, барем претставник од Министерството да дојде и да објасни на што мислело Министерството кога предложило ваква формулација. Во овој текст на законот го нема Предлогот на Педагошки совет кој што беше во првата фаза, токму по препорака на Министерството за образование и наука. Јас можам само да претпоставувам дали Министерството мислело на тоа тело, затоа што не гледам кои други тела би можеле да одговараат на една ваква констатација. И сега постојат комисии за вреднување на ракописот, и сега постојат стручни тела, и сега постои педагошката служба, така што оваа констатација воопшто не можам да ја прифатам и ја карактеризирам како потполно неточна. Воопшто не сакам да дебатирам за тоа која била главната цел со предлозите на законот. Тоа го кажував и во првата фаза и во делот на ова излагање. Меѓутоа, ќе се задржам на наредното тврдење дека законот обесправувал одделна категорија на граѓани на право на авторство спротивно на загарантираните уставни права за творештвото. Морам да признам дека оваа е констатација која што најмногу ме изненади, особено заради тоа што и понатаму се вели дека измените за законот што ги предложив јас во сферата на учебникарството, а на кои целта и беше регулирање на конфликтот на интереси, а не како што се тврди овде потранспарентна процедура на избор на ракописи и намалување на пазар на цени и тн. По тие измени оние кои што беа најмногу за с егнати од ваквите измени, а тоа се разбира се оние кои што го имаат најголемиот профит од учебникарската дејност, ги дадоа тие измени на Уставен суд. И по едниот и по другиот член, значи и по правото на авторство и по членот кој што регулира кој може да биде автор на учебник по тоа дека вработените во Бирото за развој на образованието и во Педагошката служба и тн., не можат да бидат автори и издавачи на учебници, Уставниот суд се има произнесено дека нема основа за поведување на постапка за оценување на уставноста. Имајќи јај предвид позицијата на Уставниот суд, Министерството мислам дека крајно несериозно да си дозволи коментари кои што се потполно спротивни од она што Уставниот суд го дал како одговор на иницијативата токму на овие два члена од Законот, кои што јас ги предложив како измени и кои благодарение на пратениците станаа составен дел на законот за основно и средно образование.

Друго е прашањето што заради тоа што досега не е направена ревизија, овие два членови не се искористени како механизам за средување на состојбите и на корупцијата која што се јавува во сферата на учебникарството, меѓутоа и во смисла на практички одземање за одобрување на употреба на учебници кои што не одговараат на стандардите и на ннивниот квалитет.

Она што исто така изненадува е тоа што се вели дека во Предлогот има одредби кои што не се усогласени меѓусебно, кои создаваат конфузии и недоречености, јас нема да ви го одземам времето да ги читам членовите кои што се посочни, затоа што мислам дека законот беше доволно во процедура, мислењето беше исто така доволно долго и на вас достапно, за да можете да ги анализирате и да видите дека овие членови што се дадени како потполно кофузни и неусогласени меѓусебно, во суштина немаат никаква взаемна врска меѓу себе, па заради тоа не можат ни да бидат неусогласени. Апсурдот да биде поголем тука во едниот од нив се повикува на член 20 став 3, а став 3 во членот 20 вопшто нема.

На крајот, единствено што мислев дека ќе биде вистинито во целото мислење предложено од Министерството е дека до крајот на декември 2005 година во Собранието ќе се достави предлог за Бирото за развој на образованието во кои ќе се имаат предвид одделни решенија што пратеникот ги нуди во Законот. Декември помина и последната теза која што мислев дека ќе биде точна во мислењето, за жал се покажа невистинита.

Она што во суштина се поставува како прашање е која е причината за ставање на неточно мислење од страна на Министерството. Друго е да добиете негативно мислење на закон со аргументи кои што ќе држат. Меѓутоа, друго е од страна на Министерството да ви дадат забелешки кои воопшто не се точни и не кореспондираат со ова законско решение. Се прашувам, дали била целта само колку да се даде негативно мислење без да се има предвид што навистина пишува во законот, особено повторно ќе потенцирам, имајќи ги предвид сите забелешки што беа дадени од

страна на Министерството за образование и наука, имајќи предвид дека јас ги вградив сите во овој текст на Законот, затоа што во суштина не го менуваа концептот на Законот, туку се однесуваа само на техниката, на начинот на кој што ќе се изврши избор на квалитетни ракописи за учебник. Претпоставувам дека Министерството ќе собере сили да провери кој е оној што напишал вакво мислење и со тоа ја довел во заблуда јавноста, пратениците и сите субјекти кои што имале обврска да го гледаат законот и дали некој ќе ја сноси одговорноста заради тоа. Јас се уште останувам на таа теза уште во првата фаза дека против вакви законски решенија може да биде само некој кој што му оди во прилог на оние на кои што не постоењето на јасни прецизни законски решенија за транспарентен избор на учебници, не постоењето на казнени одредби, само им овозможува хаосот во учебникарството и понатаму да го продолжуваат и практички да не биде регулирано.

Јас се надевам дека, исто како во првата фаза, пратениците ќе соберат сили и дека ќе ги усвојат овие аргументи кои што ги кажав за законот и дека Законот ќе добие поддршка.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Дали е некој за реплика од пријавените пратеници.

Господинот Крстевски има три минути реплика.

Повелете господине Крстевски.

**Зоран Крстевски:** Јас мислев дека предлагачот на законот најмногу ќе истрикува што немамем претставник на Владата односно министерот за образование и во сето ова ние пратениците од Либералната партија  гледаме една какофонија која придонесува и понатаму оваа значајна област во образованието да остане неуредена и да царуваат бизнисите и профитите кои се остваруваат на штета на образованието на учениците со продолжување на агонијата и издавањето на неквалитетни учебици. Учебници со чудни содржини надвор од наставните програми, а и надвор од современите токови на науката и образованието.

Ме чуди што предлагачот е од владеачката коалиција, а не добила стручна и друга помош, па ни предлага и противуставни и против законски решенија, со што дава доволно простор на Министерството за образование да каже дека ова со некој друг закон ќе се уредува. Земете го само членот 17 во кој ригидно се забранува да пишуваат учебници луѓето кои работат во институциите на образованието, како што се Бирото, Управата за развој и унапредување на образованието итн., што е апсурд или знаете да пишувате или не знаете, или имате независен орган кој ќе го рецензира вашиот учебник, вакви работи каде што семејства од прво колено, второ колено нема право да издава учебници, тоа не е системски решено. Конфликтот на интереси на друг начин е регулиран во други закони и нема потреба од вакви решенија кои не можат да се однесат правно односно не се правно издржани.

Значи, ние ќе останеме на потребата што ја изгласавме дека треба оваа материја со посебен закон да се уреди, но овој закон не заслужува да го гласаме овој пат.

Благодрам.

**Слободан Најдовски:** Благдодарам господине Крстевски.

Една минута контрареплика пратеникот Грковска Славица.

Повелете госпице  Грковска.

Се извинувам, како предлагач се јавува госпоѓица Грковска за дискусија, а не за контрареплика.

Повелете госпогице Грковска.

**Славица Грковска:** Со оглед на тоа што една минута нема да биде доволна за аргументите што сакам да ги кажам.

Многу ми е жал, господине Крстевски, што можам да констатирам дека вие воопшто не сте го слушале моето излагање. Затоа што, втората половина на излагањето се однесуваше токму на мислењето кое што е предложено од Министерството и каде што искажав свое мислење и свое жалење и свој став дека некој од Министерството требаше да дојде, поготово министерот да дојде тука и да можеме да дебатираме околу коментарите и мислењата што ги дале во мислењето кое што е предложено.

Што се однесува до вториот дел и покрај тоа што вие тврдевте во вашата реплика дека треба а се регулираат сите сфери кои што, ете учебникарството донесуваат хаос и се, наеднаш се ставивте во одбрана на оние луѓе кои се дел и кои го прават  тој хаос. Се ставивте на страната на дел од луѓе кои што се главните чинители на корупцијата во учебникарството. Јас незнам чии интереси штитите, јас морам да ви кажам. . . дека. . .

**Слободан Најдовски:** Госпоица Грковска, ве молам, вие рековте дека сакате дискусија, а ако сакавте контра реплика тогаш е една минута, сега дискутирајте тогаш по законот, а потоа полемизирајте со господинот Крстевски.

**Славица Грковска:** Зошто се тие две решенија понудени, ги кажав во своето излагање, но очигледно треба да повторам, Уставниот суд на 19. 11. 2003 година, донесе решение да не се поведува постапка за оценување на уставноста на членот 80-д, од Законот за основно образование со што се отфрла иницијативата за оценување на уставноста, која е поднесена од Јован Стефановски, Нада Николовска, Анкица Витанова, и тн., тоа се советници кои се вработени во Бирото за развој, заради тоа што се вели дека се утврдува кој може да биде автор на учебнинк, и дека со тоа не се ограничуваат правата на другите, дека членовите се однесуваат на забрана на авторска дејност не од аспект на образование, туку од аспект на вработеност во одредени институции на забрана на издавачка

дејност, на поедини лица вработени во образовните институции, во однос на прашањето на забраната на авторската дејност на наведениот профил на стручни кадри поради вработеност во некоја од институциите што се занимава со одреден вид просветна дејност, Судот смета дека ваквата забрана не е во несогланост со Уставот. заради тоа што се ограничуваат лицата кои во дадениот момент не може да се занимаваат со оваа дејност која е инкопатибилна со дејноста што ја вршат како вработени во овие образовни институции.

Другото решение од 9.10.2003 година, не се поведува постапка за оценување на уставноста на членот 80-г, поднесена од госпоѓата Снежана Хаџи Николова, заради тоа што Судот смета дека пропишувањето на условите што едно лице треба да ги исполнува за да биде автор на учебник не е во насока на ограничување на научното, уметничкото и другите видови на творештво утврдени во членот 47 од Уставот, туку е во насока на поттикнување и помагање на научниот опфат.

Вие би требало да знаете многу подобро од мене дека одлуките на Уставниот суд не се коментираат, туку треба да се почитуваат и да се земат такви какви што се.

Се надевам дека дополнително нема да бидам доведена во ситуација повторно да морам да се повикувам на решенијата кои што уставотворецот ги донел.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господин Крстевски, за реплика.

Три минути реплика пратеникот Крстевски Зоран.

Повелете.

**Зоран Крстевски:** Прво, госпогице Грковска, јас никого не бранам, а најмалку власта во која вие припаѓате, вие сте одговорни да знаете за хаосот во учебнкарството во Македонија.

Какви последици, кога ќе ги изгубите изборите, ќе видите, ќе ви кажеме што сте направиле точно. Тоа е првиот дел.

Вториот, ова што ни објаснуате со Уставниот суд, треба да правите разлика со законските решенија што важеа пред измените на Законот за образование кога се воведе посебен институт на инспекторат. И, затоа вие ни читате овдека одредби од Уставниот суд, а не давате правилно толкување. Уставниот суд мериторно одлучил дека тие одредби се во функција тогаш кога не можеле членови на тоа Биро истовремено да бидат и учебникари.

Вашата одредба, 17 е штитение нечие, вие директно штитите, по име, знаете некој што пишува учебници таму, што е писмен, што заради вашата одредба нема уставно право да пишува во оваа држава. Ме разбирате. Таа е критиката што ви ја упатувам.

Второ, да знаете, во парламентарна демократија ако вас ви пројде законот, Владата треба да ви падне или министерот да даде оставка. И тоа е демократија. А не нас, тука од опозицијата не прозивате дека ние криминалци ви штитиме во образованието. Тоа е ваша работа и сега вие борете се таму да ги измените односите. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Крстевски.

Една минута реплика за госпоѓица Грковска.

Повелете госпоѓице Грковска.

**Славица Грковска:** Господин Крстевски, Очигледно дека немате доволни познавања од оваа област и затоа се впуштате во паушални коментари. Ако ги проучите доволно добро законските решенија за основно, средно и за државен просветен инспекторат ќе видите дека има основа што ваквите решенија во законот се сеуште во сила. И што се предложени како овој текст на закон.

Инаку, мислам дека тоа што е погубно за образованието е квалификациите кој го направил хаосот, дали вие или ние, јас ќе ви кажам најодговорно дека вие го направивте хаосот во учебникарството, затоа што додека вие бевте на власт во септември 2002 година, кога веќе знаевте дека ја губите власта, преку 200 решенија за одобрување на учебници се дадени од тогашниот министер без никаков критериум. Сите учебници кои што поднеле барање за одобрување, сите биле одобрени. Затоа не можам да прифатам никакви паушални проценки. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓице Грковска.

Има збор пратеникот Шаќири Исни.

Повелете господине Шаќири.

**Исни Шаќири:** Ви благодарам господине потпретседател,

Мислам дека имаме исклучително значајна тема пред нас како пратеници, што е во однос на образованието и воспитанието на идните нови генерации, се разбира основното и средно образование. Задолжително Министерството за образование треба да има контрола на учебниците посебно во основното и средно образование, затоа што тоа е чувствителна тема и се однесува на образовниот процес. Тука се поставуваат елементарните основи на добриот почеток на најмладата генерација што се однесува до воспитно образовниот процес, бидејќи овие компоненти се нераздвојни.

Во споредба со образовниот процес доаѓа и воспитниот процес. Несреќата стои тука.

Сега се говори за разни учебници, се говори за разни книги што, имаме впечаток дека немаат основа во ориентирана програма, основна и средна.

Во прв ред, треба да тргнеме од едно конкретно прашање, учебниците. Не може да поминат без никаква контрола. Најмалку треба да има една контрола од страна на Бирото за развој на

образованието или од самото министерство, затоа што сега, во оваа ситуација имаме разни изданија на голем број учебници. Сега, не можеме да најдеме литература, како што е на пример за високото образование или за основното и средно образование, што би биле во ред. Тие текстови за учениците треба да се усогласат со програмските определби. Програмата е дел на Миистерството, значи јас сум за тоа да има закон, да има контрола. Доколку нема контрола врз законски основи, доколку не преземат одговорност Министерството за образование за овие прашања на пример со една поголема сериозност да знаете дека ќе има деформација и тотална деформираност на основното и средно образование. Ќе имаме тотална деформираност, затоа што постојат два основни текстови и учебници кои што треба да постојат.

Јас не сакам да говорам за проблемите кои што се за секој предмет посебно, меѓутоа ние ја знаеме состојбата што ја имаме и со родителите со кои што треба да се разговара или треба да се воспостави контакт што се однесува на прашањето на учебниците,. ние не можеме да ги оптеретуваме родителите со многу учебници, на пример за предметот математика, географија или историја. Тие учебници треба да бидат стриктни за прво одделение, во средното образование за прва година треба да се знае кој учебник ќе биде за кој предмет. Значи со кој учебник ќе се служат учениците. Со кој учебник ќе се служат по математика. Може, математика бара дополнителни учебници, меѓутоа, прашањето што се однесува, значи на вежби и тн. Меѓутоа, предметот историја, предметот биологија, предметот хемија, не јас не ја исклучувам можноста да бидат два учебници, во комбинација. Меѓутоа, доколку не му се каже јасно на ученикот, дефиницијата со кој учебник ќе се водат, значи сето тоа доаѓа од програмата која што треба да ја имаме изготвена на ниво на цела Република Македонија во зависност ако одиме, значи кај средното образование треба да видиме дали средното образование е насочено или се гимназии, тие калсични што ги имаме. Тоа се прашања што треба да се дефинираат.

Во оваа насока и јас мислам дека многу добро има изработено пратеничката што има предложено закон, меѓутоа овој закон дали требало да има дополнителна консултација и поголема консултација и треба да има поддршка затоа што треба да се постави контрола и надзор за учебниците. Затоа што јас слушам некои расправи околу предметот историја, за тоа како ќе се учи историјата за годината 2001. Јас јасно ва ви кажам, како што јас го разбрав тоа, доколку се внесе политика во образованието, да знаете дека нема да има образование. Меѓутоа, колку и да е и каква и да е доколку не се исклучи од реалноста, една тема која што е во однос на еден историски настан и доколку не застрани од реалноста, да знаете дека ќе се прифати многу подобро и поправилно од страна на учениците, од страна на сите генерации, отколку да се влијае, да има разни деформации.

Не треба да заборавиме едно прашање, поранешниот комунистички систем што го оставивме позади нас, општествените науки и предмети толку ги имаше деформирано, посебно историјата толку ја има деформирано, што денеска, оние кои имале можност да учат понова историја, што е дел од Втората светска војна, многу работи гледаат дека немаат врска со реалноста, меѓутоа, биле под политичко влијание. Овиа прашања треба да ги елиминираме во ова демократски општество, во ова општество со многу идеи и нови визии и кога настојуваме да бидеме дел од Европа. Токму за да бидеме дел од Европа, треба да стартуваме со реформи во обазовниот процес. А, во образовниот процес реформите треба да извират од Министерството за образование и наука и Борот за развој на образованието, со една пробрама посебна за основното и за средното образование, затоа што не можеме учениците да ги оптоваруваме со литература, бидејќи нивото на образованието не е толку високо и професионално. Литературата е задолжителна за оние кои се занимаваат со студиски прашања, со научни прашања, меѓутоа не и за учениците од основно и средно образование, за малолетниците. Тоа образование не трпи таков голем товар.

Затоа, во оваа насока правиме големи деформации и од аспект на возраста на учениците и од другите аспекти, затоа што да не заборавиме еден факт, економската состојба што ја имаме е катастрофална. Родителите се соочуват со недостаток на пари за обезбедување на учебници на своите деца. Меѓутоа, реформите го имаат тоа, задолжително е старите учебници да се исфрлат од употреба и да се заменат со нови, но не и предметниот наставник да му сугерира на ученикот да купи некој учебник од некој негов пријател кој е малку во употреба.

Правам една анализа и сфаќам дека учениците толку се оптоваруваат, што нивната возраст не е таква за да се соочат со тој товар што произлегува од Програмата на Министерството за образование.

Уште еднаш ќе кажам и со тоа ќе завршам, треба да направи конкретни чекори што се однесуваат на утврдувањето на Програмата во рамките на основното и средното образование. да ги имаме предвид и реформите и се што е во движење, во тек и во реформа. Меѓутоа, не смееме оваа проблематика да ја оставиме на бурата и да оставиме се во одговорност на наставниците или предметните наставници. Затоа што се уште го немаме тоа ниво работите да ги согледаме така како што треба. Ова се чувствителни прашања.

Јас сум за тоа Законот да биде ригорозен во утврдувањето на оваа проблематика и да не остава простор за манипулации понатаму.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Ќахил Аднан.

Повелете господине Ќахил.

**Аднан Ќахил:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Денеска имаме Предлог на закон за учебници во основното и средното образование. Нема да го повторам она што го кажаа претходните дискутанти, инаку предлагачот Славица Грковска даде доста добро образложние во врска со оваа материја. Мислам дека овој закон, во однос на решенијата што ги имаме до сега, сигурно е исчекор напред.

Сигурно не може да очекуваме и не очекувам да имаме идеален закон. Овде има недостатоци во смисла, како што рекоа, во однос на Уставот, дека некои работи се спротивни на Уставот на Република Македонија. Има некои недостатоци во однос на политиката на креирање на учебниците, недостатоци во однос на издавање на учебниците, но пак ќе повторам една работа, сигурно е подобро да имаме некаков закон, отколку никаков во однос на оваа проблематика. Сигурно, со тек на време би требало и овие закони ќе претрпат измени, затоа што намајќи закон, се дојде во ситуација да имаме, апсолутно, анархија во учебникарството.

Тоа јас можам најдобро да го почуствувам, сум бил професор во основно, средно и сега на факултет, па во тој дел можам да кажам, едноставно се работи за една ситуација каде што се издаваат учебници, секој кој ќе стигне, препорачуваат учебници секој кој ќе стигне, без критериум и мислам дека треба да се стави точка и крај на оваа работа.

Сакам да направам една паралела, кога зборував за наука, реков дека треба да се вложи во науката, треба да имаме приоритет во науката и ако имаме приоритет во науката, ако дојде до израз квалитетот и ако направиме систем на веднување, ситем на квалитет, сигурно ќе имаме подобра ситуација и во овој дел, бидејќи наука не можеме да имаме без добри учебници во сите сфери и сите нивоа на образованието.

Затоа би требале ние, јас лично ќе го подржам овој закон и покрај недостатоците што ги има, само заради фактот, и покрај тоа што се објасни, за една ситуација, а ќе објаснам што се однесува до заедниците.

Во овој закон, во членот 14 се предвидува дека Министерството може да партиципира во издавање на малотиражни учебници. Малотиражни учебници се оние кои имаат тираж најмногу до 500 примероци, наменети за учебници во основните и средни училишта, чиј број не е поголем од 500 запишани ученици во Република Македонија. Во соодветното одделение или паралелка во тековната учебна година. Министер по предлог на Бирото за развој на образованието дава согласност за употреба на стручна литература, списанија и публикации, кои имаат придонес во развојот на воспитанието и образованието и тоа најдоцна еден месец пред почетокот на учебната година, и други службени акти.

Во однос на ова, мислам дека ова е многу добро решение, чак јас би кажал можеби требаше подрастично, но имајќи предвид ситуацијава, можеби ова е така преодно решение, оној збор што вика Министерството може да партиципира, би требало да стои мора да партиципира. Но, да го оставиме тоа на времето, времето да покаже дали министерот или Министерството тоа може да го злоупотреби или ќе искористи како што досега често пати се злоупотребуваше ситуацијата може, па не правеа како што правеа за да се направи.

Поблемот со заедниците е голем. Во тој контекс јас ќе се надоврзам на членот 16 и 17 каде што и за јазиците на припадностите се вели дека тие што работат во посебен инспекторат во службите на Бирото за образование не би требало да пишуваат учебници. Очигледна политика до сега беше да во тие институции, покрај стручноста се бираат луѓе и по политика. И тие луѓе по мене очигледно имаме ситуација и од турската заедница, каде што пишуваа учебници по инерција и едноставно имаше преведувачи на турски јазик, луѓе кои очигледно ниити имаат обрасование, нити квалификации, нити знаење, тие тоа го прават само по инернција затоа што се во таква позиција.  Е, мислам дека тоа треба да едноставно исчезне од практиката. Пак ќе повторам, не велам дека ова е совршен закон. Но, во оваа сфера мислам дека отвора нови видици, бидејќи јас се среќавам и се среќавам често пати со просветните организации кои што велат немаме ние економски интерес да издадеме учебници на соодветните заедници, затоа што ве нема толку колку што ве има.

Не можеме ние да бегаме, тоа е. И тие кои имаат 200, 300,400 се дел од ова општество. И тие 200 Турци кои учат некаде се дел од ова општество. И тие учат на соодветен јазик, а нивните родители се граѓани на Република Македонија. Плаќаат даноци, се даночни обврзници. Би требало да се врати, по кој пат тие фамозни бројки, проценти се доаѓа до израз. Едноставно Турската заедница во оваа сфера досега остана со куси ракави.

Често пати јас барав да издадам учебник. Знаете што велеа - па издади со приватни автори. И јас преку приватни, а другиот, бидејќи има поголем тираж, едноставно треба да се направи на овој начин. Па луѓе, еден ден ако од тоа не направиме критериум да може, да треба државата да интервенира и на тие заедници кои се помалку од 500 по тираж да може да партиципра, ќе дојдеме во рамките на Европската унија, каде и Македонија по број на ученици ќе биде сигурно помалку, дали тогаш Европската унија, ќе каже не, тие кои се над таа бројка може да партиципираме, под таа бројка не можеме да парициципираме.

Ако сакаме да фатиме чекор со Европската унија, мораме да почнеме од својот атар, од Македонија да ги финансираме учебници кои се помалку на број а за нив има потреба. Ги има во основното

училиште, па сега со воведувањето на нултата година уште повеќе ќе има потреба, бидејќи ќе биде законска обврска, ќе има потреба од учебници на турски јазик, бидејќи со Уставот е гарантирано ова. И со Уставот е гаранатирано право на една задница, што се косеше со досегашните закони. Не се применуваше. Но, никому не му текнуваше да каже дека не е во согласно со Уставот. Затоа што економскиот интерес, економската логика преовлада, што можеби е точно, така треба. Но, сепак, ако сме држава, а мислам дека сме, треба и социјалниот елемент, елементот на помош на тие заедници, на тие деца, да не кажам дека се хендикепирани, не се хендикепирани во смисла на физички недостаток, туку се хендикепирани во однос на бројноста.

Затоа, мислам дека ова решение што го нуди законот да може, а јас би рекол дека можеби треба да мора, но тоа ќе оставиме да видиме како времето ќе покаже, како ќе се практицира, да можат заедниците, особено турската заедница да има учебници на свој јазик. Верувајте сега, од разни предмети, почнувајќи од егзактните предмети, хемија, физика, математика и другите немаме соодветни учебници, затоа што тиражот е мал или пак авторите, најчесто преведувачите не се од таа фела. Имам ситуации каде преведувачите најголемо образование е четврто одделение се трговци и поради тоа што фатиле некои врски, едноставно преведуваат хамија, физика. А, мојата маленкост, што постојано го работам тоа не сум можел да преведувам, затоа што не сум имал пристап до таа институција што се нарекува издавање на учебници.

Пак ќе повторам, не велам дека Законот е идеален, не велам дека немаат конфликт во однос на уставните решенија, сигурно можело и би требало и ќе треба да се направи подобар закон. Сигурен сум дека ова е исчекор во учебникарството и треба овој закон да се прифати.

Она што ќе го потенцирам, она што се предвидува за заедниците, за Турската заедница, мислам дека ако идниот министер за образование и тие што работат во оваа сфера размислуваат трезвено, а треба да размислуваат трезвено, би требало на Турската заедница бидејќи по број се помалку, особено во основното и средното образование и нултлата група што се воведува, за партиципиран во издавање на учебници, издавање на учебници кои ќе бидат преводи можеби од македонски, албански, англиски и други јазици, да има квалификувани луѓе. Тоа го барам и би требало тоа да го има. Нормално, недостатоците праксата ќе ги покаже, тука е Парламентот, тука е Владата, тука се тие луѓе кои будно ги следат и би требало да ги следат овие работи, па ќе има корекција на овој закон. Во однос на оваа работа, во однос на членот 14 кој е во врска со членовите 16 и 17, овој закон ќе го подржам и ќе гласам за овој закон. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ќахил.

Има збор пратеникот Славица Станковска.

Повелете госпоѓо Станковска.

**Славица Станковска:** Благодарам потпретседателе.

Ќе го искористам своето право кратко да се произнесат по законот кој е денес на дневен ред.

Улогата на учебниците во образовниот процес е мошне значајна, а праксата покажа дека постојната законска регулатива не е доволна за да ги спречи проблемите односно аномалиите кои се јавуваа во процесот на објавување, одобрување, издавање, а посебно дистрибуција на учебниците. Некои од работите, односно членовите што беа спомнати можеби ќе ги споманм повторно, но се со цел да укажам на добрите страни на законот кој ни се нуди.

Добро е што во членот 2 колешката поимот за учебник го проширува не само во смисла на учебник како елементарно средство, туку и помагалата, прирачниците, збирките задачи, работните тетратки итн. кои се користат во образовниот процес.

Исто така, праксата од досегашното издавање учебници покажа дека во издавање на учебниците преферираат издавачките куќи и тие беа главно носители, иако се знае дека учебниците ги пишуваат авторите, но авторите беа принудени да бараат издавачки куќи, сигурно тие бараа и рецензенти кои ги нудеа на издавачките куќи и на некој начин и тие беа и во улога на дистрибутери на учебниците. Злоупотребите што се правеа со дистрибуција, со проценти и нудење свои учебници во свои или блиски средини на вистина правеа хаос и нудеа учебници кои беа неповолни за оние кои на некој начин ги нудеа или ги продаваа на учениците, а не на оние кои ги користеа во воспитно образовниот процес.

Добро е сега што со овој закон согласно членот 5 се предвидува на кој начин се објавува конкурс и условите, посебно и рокот од 6 месеци кој ќе им даде доволно временска можност на сите оние кои се заинтересирани да учествуваат на конкурсот за учебници.

Исто така, во членот 5 ставот 6 или 7, се кажува дека на отворање на ракописите на учебниците се повикуваат сите учесници, што говори доволно за транспарентноста на начинот на кој се избираат, односно на кој се објавуваат и оние што се заинтересирани или ќе учествуваат на конкруусот ќе имаат можност да издаваат сопствен учебник.

Исто така, согласно членот 7, на конкурсот учествува не само авторот, туку авторот задолжително го приложува ракописот на учебникот во 6 примероци-тоа и до сега беше-со ликовно и графичко обликување, јазично уреден во формат на целосен книжевен опфат и друг носител на информација, дискета инт. Но исто така и изјава на лекторот за јазично уредување на текстот. Многу често оние кои се вклучени или биле вклучени во воспитно образовниот процес се

соочуваат со литература, учебници или помагала кои се користат во воспитно образовниот процес кои до крај и не се лекторски и јазично уредени, така што на некој начин покажуваат и дека не водиме грижа за сопствениот литературен јазик. Ова е навистина добар елемент кој се вградува и кој води сметка за целосно квалитетно обликување не само ликовно и графичко, туку и лекторско на учебниците.

Во членот 14 колегата пред малку спомна се дава можност Министерството да партиципира во издавањето малотиражни учебници. Праксата исто така покажа дека издавачките куќи заради тоа што станува збор за мал тираж, мала добивка и многу малку беа заинтересирани да учествуваат односно да изготвуваат учебници од кои помалку ќе профитираат. Ова посебно на некој начин ги засега заедниците заради тоа што главно тиражите за помалите етнички заедници се многу мали и тука на некој начин Министерството ќе им овозможи, ќе им помогне да имаат квалитетни учебници, а не да се користат со некои кои многу малку одговараат на наставните планови и програми или воопшто и да немаат такви. Оваа можност добро е и да постои, а исто така Министерството во иднина да се вклучува и на оваа популација и децата кои припаѓаат на помалите етнички заеници да имаат достапна литература која ќе им овозможи да се изградуваат, односно добро да се образуваат.

Исто така, во членот 15 се дава можност, доколку стручна комисија ќе утврди сигурно при анализа на учебниците кои се во оптек, кои се користат во образовниот процес, да се донесе одлука за да се повлече Учебникот, односно да се одземе согласноста која била издадена за тој учебник, но исто така не само заради тоа што има некои аномалии, може да се повлече учебникот и ако заинтересираноста за користење на даден учебник е многу мала, односно процентот и бројот на учениците кои го користат дадениот учебник во образовниот процес е многу мал.

Она што веќе пред малку веше спомнато од наш колега и предлагачот даде некои свои видувања, во членот 17 сите овие што сме во образовниот процес, сме работеле или на некој начин сме биле вклучени, знаеме дека најмногу злоупотреби се прават токму од посочените служби кои се дадени во овој закон, односно притисоците што на некој начин директно или индиректно ги прават. При еден обид на некој начин јас да учествувам и направив сопствен учебник за прва година гимназиско образование, кога се интересирав ми беше посочено: напиши на учебникот кој автор е, тој и тој, и нема да има никакви проблеми. Јас тоа не го прифатив и нормално учебникот остана дома да стои како мој сопствен спомен дека нешто работев во тој период. Навистина можен е конфликт на интереси и добро е што членот 17 предвидува кој не може да учествува на конкурсот за учебници, но исто така кој не може да учествува во издавање на учебници кои се користат во образовниот процес.

Во членот 27 добро е што се предвидува Педагошката служба да води регистер и сигурно да се има евиденција за застапеност на учебници за употреба во основните и средните училишта, а доколку некој учебник се повлекува од образовниот процес, исто така должност е да се избришат од регистарот , така што секогаш и во секоја прилика ќе се има можност да се има увид во сферата на издадени учебници и помагала кои се користат во воспитно образовниот процес било во основно или средно образование.

И во првата фаза го подржав овој закон, и сега ќе го подржам, од едноставна причина што сметам дека е потребно да се стави ред и во оваа сфера. Како што беше спомнато, овој закон како и сите други, како и се, воопшто не е даден еднаш за секогаш, и овој закон ќе биде ставен на испит на времето и сигурно дека сите оние аномалии и недостатоци што ќе се покажат како такви, во иднина законодавниот дом ше има можност и тие да ги догради, да ги изгради и да даде уште поквалитетни решенија. За сега сметам дека овој закон нуди оптимални решенија за квалитетна процедура од објавување преку избор, издавање и дистрибуција на учебници и затоа уште еднаш ќе кажам дека јас овој закон ќе го подржам. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Станковска.

Има збор пратеникот Рафис Алити.

Повелете господине Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам потпретседателе.

Во име на пратеничката група на ДУИ барам 15 минути пауза.

**Слободан Најдовски:** Господине Алити, може ли со оглед на тоа дека нема пријавени повеќе за дискусија да го заклучиме претресот по овој закон или паузата е за овој закон?

**Рафис Алити:** Може, да.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор и го заклучувам претресот по Предлогот на законот.

Објавувам пауза од 15 минути по барање на пратеничката група на ДУИ.

(пауза )

(По паузата)

**Љупчо Јордановски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, затоа што треба да пристапиме кон гласање на законот и потоа кон гласање, претпоставувам на народните правобранители. Договорот, колку што сум информиран, е постигнат и затоа треба да го почитуваме и нека влезат пратениците во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата. Благодарам.

Застанавме на гласањето за законот за учебници.

Бидејки, претресот е завршен, ве потсетувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со

мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, 48 за, 4 воздржани и 19 против.

Бидејќи за овој закон се бара и, или констатирав дека веќе во првата фаза немаме услови да поминеме на второто гласање, бидјеки нема мнозинство од присутните или имаме мнозинство? (Имаме). Тогаш, се извинувам, јас мислев од вкупниот број овде од присутните.

Бидејки, првиот дел од гласањето е поминат, гласале 48 за, а присутни се 75.

Поминуваме на второто гласање.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот, со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака.

За предлогот гласаа 2 пратеника.

Кој е против, молам да крене рака.

12 пратеници гласаа против предлогот.

Дали има некој воздржан?

3 пратеника се воздржани.

Тоа значи дека од 17 присутни пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија , од нив за Предлогот на законот гласаа 2, против гласаа 12 и воздржани 3.

Констатирам дека Собранието не го донесе законот за учебниците за основното и средното образование.

Господине Рустеми дали имате нешто да предложите или јас треба да предложам.

Повелете господине Рустеми.

**Ејуп Рустеми:** Благодарам господине претседателе.

Барам точката 9 која е нагласена и е претпоследна точка во овој дневен ред, барам да биде веднаш по оваа точка и да се разгледува како наредна точка. За ова барам поддршка од 10 пратеници.

**Љупчо Јордановски:** Дали имате подршка од 10 пратеници?

Да, има 10 пратеници.

Предлогот на господинот Ејуп Рустеми, Предлогот за избор на заменици на Народниот правобранител, кој што е претпоследна точка, сега се гласа по таа точка.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 65 гласале за, нема воздржани, 1 гласал против.

Констатирам дека предлогот е усвоен. Затоа, ќе минеме на точката 9, која беше на иницијалниот дневен ред.

**Предлог за избор на заменици на Народниот правобранител.**

Предлогот за избор на заменици на Народниот правобранител Ви е доставен.

Согласно Законот за народниот правобранител, замениците на Народниот правобранител се избираат со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Повторувам, од вкупниот број пратеници, а тоа значи 61 пратеник и 18 пратеници.

Отворам претрес по Предлогот Трипун Танушевски да биде избран за заменик на Народниот правобранител.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Алити, имате збор.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине претседател,

Ние како парламентарна група, бараме пауза од половина час.

**Љупчо Јордановски:** Двапати да барате пауза не може, бидјеки еднаш ја искористивте.

Дали некој друг бара збор? (Нема)

Предлогот Трипун Танушевски да биде избран за заменик на Народниот правобранител, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, од кои 67 гласале за, нема воздржани и нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака.

Дали има против? (Нема)

Дали има воздржан? (Нема)

Констатирам дека од вкупно 35 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија за предлогот гласаа 15 пратеници, нема против, а од гласањето никој не се воздржа.

Констатирам дека Трипун Танушевски не е избран за заменик на Народниот правобранител.

(Реакција на пратениците) Овде се вели од вкупниот број на пратеници, а 18 пратеници ни требаат од малцинствата, а не 15. (Од место се јавуваат пратеници со предлог да се повтори гласањето).

Како ќе го повторите гласањето, по кој Деловник ќе го повторите гласањето, се е присутно овде.

Затоа, давам пауза од 15 минути.

(По пузата)

**Љупчо Јордановски:** Бидејки има уште пет минути, ќе дадам пауза до 15,00 часот.

Ги молам, во 14,00 часот, координаторите на пратеничките групи на состанок во Охридската сала.

(По паузата седницата продолжи во 15,00 часот).

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Уште еданш ги замолувам сите пратеници да влезат во салата, без разлика дали се позиција или опозиција.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Ќе причекаме уште малку. Ги молам пратениците да влезат во салата.

Присутни сме 70 пратеника.

Отворам претрес по предлогот Нашиде Ибраими да биде избрана за заменик на Народниот правобранител.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот.

Предлогот Нашиде Ибраими да биде избрана за заменик на Народниот правобранител го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 72 присутни пратеника 59 гласале.

Уште еднаш крајна некоректност од пратениците кои што не притискаат на копчињата. Ако сме тука веќе присутни, барем за тоа да ја заслужиме денешната дневница, да притиснеме на копчињата.

59 гласале, 59 за, нема воздржани, нема против.

Со тоа мислам дека ќе го повториме гласањето.

Има ли некој да побара поединечно гласање?

Господине Рустеми повелете процедурално.

**Ејуп Рустеми:** Господине претседателе, барам да имаме поединечно гласање. Значи барам поединечно гласање..

**Љупчо Јордановски:** Ајде вака да не трошиме време, јас ќе го повторам гласањето и ги молам пратениците да ги притиснат копчињата. Тоа ќе го ставам на гласање да го повторам гласањето.

Ве молам кој е за тоа да се повтори гласањето. Или да не одам мимо Правилникот да одиме со поединечно гласање.

Дали има поддршка од 10 пратеника? (Има).

Го молам секретарот да го прочита списокот.

**Александар Новакоски:**

АБДИЛАЌИМ АДЕМИ - отсутен
РАФИС АЛИТИ - за
ИВАН АНАСТАСОВСКИ - за
СТОЈАН АНДОВ - за
АНА АНДОВА - за
БОРКО АНЃЕЛКОСКИ - за
ПЕТАР АПОСТОЛОВ - за
НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ - за
ЈУСУФ АРИФИ - за
ТЕУТА АРИФИ - за
СЛАВЕ АРСОСКИ - за
ФАТМИР АСАНИ- отсутен
АЛИ АХМЕТИ - отсутен
ЉУПЧО БАЛКОСКИ - отсутен
НАЗМИ БЕЌИРИ - отсутен
НАТАША БИКОВСКА - за
РИСТЕ БИСЛИМОВСКИ - за
САШО БОГЛДАНОВСКИ - отсутен
СИЛВАНА БОНЕВА - отсутна
ВЕСНА БОРОЗАН - отсутна
ЉУБЕ БОШКОВСКИ - отсутен
АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ - отсутен
ФАЗЛИ ВЕЛИУ - за
ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ - за
ЦВЕТАНКА ГАШОСКА - ЗА
ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ - за
МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ - за
БЛАГОЈА ГЕШОСКИ - за
КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ - за
ТОМА ГЛИГОРИЈЕВСКИ - за
БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ - отсутен
СЛАВИЦА ГРКОВСКА - за
НИКОЛА ГРУЕВСКИ - отсутен
НАЗЛИЕ ДАУТИ- за
ЗАМИР ДИКА - отсутен
АНГЕЛ ДИМИТРОВ - за
КИРО ДОЈЧИНОСКИ - за
САШО ДОХЧЕВ - за
ВАНЧО ЃОРГИЕВ - отсутен
ДРАГАН ЃОРЃИЕВ - за
МАРЈАН ЃОРЧЕВ - отсутен
АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ - отсутен
ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО - отсутен
ЦВЕТАНКА ИВАНОВА - за
ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА - за
ИГОР ИВАНОВСКИ - за
ВЛАДО ИЛИЕВСКИ - за
ЦВЕТЛЕ ЈАНЕСКА - за
АДНАН ЈАШАРИ - за
ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ - за
НИКОЛА Б. КАМЧЕВ - за
ЖАРКО КАРАЏОСКИ - отсутен
САШКО КЕДЕВ - отсутен
ДОБРЕ КЕКОВСКИ - за
ИЛИЈА КИТАНОСКИ - отсутен
МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА - отсутна
БОРИС КОНДАРКО - за
ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА - за
ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ - за

ЗОРАН КРСТЕВСКИ - отсутен
РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА - за
СОЊА ЛЕПИТКОВА - за
СПИРО МАВРОВСКИ - за
ЈАНИ МАКРАДУЛИ - отсутен
ЕФТИМ МАНЕВ - за
РУЖДИ МАТОШИ - отсутен
ЉУПЧЕ МЕШКОВ - отсутен
БЛАГОРОДНА МИНГОВА-КРЕПИЕВА-за
МИЛКА МИТКОВСКА - за
ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ - за
РАФЕТ МУМИНОВИЌ - за
НЕЖДЕТ МУСТАФА - за
СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ - за
ЏЕВДЕТ НАСУФИ - отсутен
ПЕТАР НАУМОВСКИ - отсутен
МИТЕ НИКОЛОВ - за
ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ - отсутен
ГЗИМ ОСТРЕНИ - за
ЃОРГЕ ПАЉОШКОВСКИ - отсутен
ВЛАДО ПАУНКОВ - за
АНГЕЛКА ПЕЕВА-ЛАУРЕНЧИЌ - за
РИСТО ПЕЈОСКИ - за
БОРЧЕ ПЕТКОВСКИ - за
ТИТО ПЕТКОВСКИ - отсутен
КАМЕ ПЕТРОВ - за
ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА - отсутна
КОСТА ПРЕШОСКИ - за
ИСМЕТ РАМАДАНИ - отсутен
ЕСАД РАХИЌ - за
КАРОЛИНА РИСТОВАм- за
ЕЈУП РУСТЕМИ - за
СЕЛВИЈЕ САЛИУ - за
ГАНКА САМОИЛОВСКА - ЦВЕТАНОВА - отсутна
ГАЈУР САРАЧ - за
АЦО СПАСОВСКИ - за
ИЛИЈА СРБИНОВСКИ - отсутен
ВАНЧО СТАМЕНКОВ - за
СЛАВИЦА СТАНКОВСКА - за
ИВАН СТОИЉКОВИЌ - отсутен
БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ - отсутен
НЕЛКО СТОЈАНОСКИ - за
ТАСИМ СУЛЕЈМАНОСКИ - за
МЕНДУХ ТАЧИ - отсутен
ЗОРАН ТОМИЌ - за
РОЗА ТОПУЗОВА- КАРЕВСКА - за
ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ - отсутен
ТОМЕ ТРОМБЕВ - за
АДНАН ЌАХИЛ - за
НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ - за
АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ - за
ИЛЈАЗ ХАЛИМИ - отсутен
СЕМИЈАЛ ХАСАНИ - за
ЌЕНАН ХАСИПИ - за
ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАТ - за
СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ - отсутен
АГИМ ЏЕЛИЛИ - за
ЗИДИ ЏЕЛИЛИ -отсутен
ДРАГО ШАЈНОСКИ - за
ИСНИ ШАЌИРИ - отсутен
ЏЕЗАИР ШАЌИРИ - отсутен

**Љупчо Јордановски:** Колку што може да видам и да чујам, нема никој против. Сега ќе ги преброиме гласовите. И навистина, ако бидат над 61 пратеник, јас навистина, не можам да ги сфатам пратениците кои што не ги стискаат копчињата.

Резултатите се следни: бидејќи никој не гласал против и воздржан, морам да констатирам дека сите гласале за и со тоа можам да констатирам дека се и толку присутни. Значи 69 пратеници.

Од присутни 69, 69 гласале за. Размислете зошто претходните гласови беа 59. Бидејќи електронското гласање не е тајно, тоа е јавно, бидејќи секој на интернет може да го види тоа гласање.

Од 69 присутни, 69 гласале за, а 20 гласале од заедниците.

Со тоа констатирам дека Нашиде Ибраими е избрана за заменик на Народниот правобранител.

Отворам претрес по предлогот Драги Целевски да биде избран за заменик на Народниот правобранител.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Драги Целвски да биде избран за заменик на Народниот правобранител го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, иако сме 69 присутни, 64 гласале за, нема воздржани, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на зедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака.

Вкупно гласале 20 пратеника.

Кој е против? (Никој).

Кој е воздржан? (Никој).

Констатирам дека од вкупно 35 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија за предлогот гласаа 20 пратеници, нема против, нема воздржани.

**Љупчо Јордановски:** Констатирам дека Драги Целевски е избран за заменик на Народниот правобранител.

Отворам претрес по предлогот Невенка Крушаровска да биде избрана за заменик на Народниот правобранител.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Предлогот Невенка Крушароска да биде избрана за заменик на Народниот правобранител го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 69 присутни, 63 гласале, 63 за, нема воздржани, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот да крене рака.

Кој е против? Нема. Воздржани нема.

Констатирам дека од вкупно 35 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство на Република Македонија за предлогот гласаа 20 пратеници, нема против, нема воздржани.

Констатирам дека Невенка Крушаровска е избрана за заменик на Народниот правобранител.

На избраните заменици на Народниот правобранител им го честитам изборот и им посакувам успех во работата, а утре не знам кога ќе бидете известени ќе дадат свечена изјава пред претседателот на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точка 48 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за водите, со Предлог на закон.**

Предлагачи група на пратеници. Првиот е пратеникот Владо Паунков, претпоставувам дека и тој е овластен предлагач.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и Извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, Дописот на Законодавно-правната комисија и Мислењето на Владата на Република Македонија ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Ве молам кој бара збор?

Има збор господинот Владо Паунков.

**Владо Паунков:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, во изминативе неколку години имавме прилика да забележиме бројни активности на полето на изградбата на водостопанските објекти и постројки, одржување на хидромелиоративни системи, изградба на водоводи за пречистителни станици за отпадни води, регулација на реки, потоци и порои, како и изработка на проекти, планови, студии и слично. Сето тоа се постигнуваше низ работа на Фондот за води кој што директно го спроведува Законот за водите преку соодветна програма за унапредување на водостопанството.

Програмата се финансира од надоместоци за водите за заштита на водите од загадување, за вадење на песок, чакал и камен од реките и водотеците и од други средства кои што ги реализира Фондот. Ќе се сложиме верувам сите дека од Програмата за унапредување на водостопанството најмногу корист имаат општините, населените места, граѓаните пред се, а исто така и комуналните претпријатија и водостопанствата.

Од тие причини добро би било кога би се создале услови за непречено спроведување на овие активности се разбира со можности за надоградување, а пред се модернизација на начинот на системот на финансирање на Програмата. Меѓутоа со реализација на заклучокот на Владата од 26.07.2004 година за покренување на постапка за ликвидација на водостопанските претпријатија што е во склоп на Програмата за преструктуирање на водостопанството се случи да се појават пречки во спроведување на Законот за води во сферата на надоместоците. Имено, Јавното водостопанско претпријатие на Република Македонија во делот на Законот што се однесува на надоместоците, членовите 132, 133 и 134 е задолжено да врши пресметување, наплатување и уплатување на надоместоците, односно определување на цената на натоварениот материјал песок, камен и чакал. Но, ова Јавно претпријатие согласно цитираниот заклучок на Владата е во ликвидација поради што не може да ја врши споменатата обврска, а со тоа воопшто не можат да се соберат надоместоците определени според споменатите членови од Законот.

Оваа состојба директно го доведува во прашање спроведување на Програмата за унапредување на водостопанството од страна на Фондот за водите која се донесува секоја година и од која како што реков најмногу корист имаат граѓаните, општините и населените места. Ова е една од причините поради кои група пратеници предлагаме да се донесе закон за изменување и дополнување на Законот за водите. Во фазата на подготвување на овие измени и дополнувања дојдовме до сознание дека во тој дел од Законот постои потреба и од други интервенции. Определени корисници на вода не се опфатени со законот да плаќаат надоместок, а со тоа се доведуваат во состојба на привилегираност. Покрај тоа, постојниот закон не содржи решенија во кои случаи нема да се плаќа надоместок, односно решенија во случај на ненаплатување на надоместокот.

Исто така, определени надоместоци предвидени со постојниот закон се енормно ниски што не ја покриваат ниту постапката за пресметување, наплатување и уплатување. Со други зборови постојниот закон нема сеопфатност и автоматизам во пресметувањето, наплатувањето и уплатувањето на надоместоците што не е гаранција дека приливот на средства во Фондот ќе биде стандарден, а со тоа изградбата на споменатите објекти по општините не ќе може во целост да се дореализираат. На сите овие прашања со измените и дополнувањата на

законот правиме напор да дадеме одговор, односно предлагаме законот кој што во целина ќе ги реши овие недоследности. Со измените и дополнувањата на Законот за водите се предлага правните и физички лица кои користат вода од водоснабдителен систем, јавен, или сопствен ќе бидат должни да плаќаат 2% од цената на $м^3$ вода наместо досегашните 1%, односно тоа е околу 0,3 денари, или при потрошувачка од 10 до 15 $м^3$ вода вкупниот надоместок ќе изнесува 3 до 4,5 денари месечно. Во споредба со манипулативните трошоци што на граѓаните им ги пресметуваат комуналните претпријатија овој надоместок кој понатаму преку програмите за унапредување на водостопанството се користи повторно од граѓаните, практично и не е некакво оптеретување.

Новина во Законот е и корисниците на вода за комерцијални цели, односно кои водата практично ја продаваат, пивари, пакувачи на вода и слично ќе плаќаат надоместок во висина од 0,5% од продажната цена на литар производ, односно производител на пиво плаќа по 0,015 денари за набавка на еден литар вода, а ја продава по 50 денари како преработена. Овој производител би плаќал надоместок во Фондот по 0,25 денари за еден литар произведен производ. Домаќинства исто како правни лица и физички лица ќе плаќаат надоместок по 2% од утврдената цена на водата наместо досегашните 1%, односно по 0,3 денари за $м^3$ вода или средно месечно по 3 до 4,5 денари. Понатаму, корисници на геотермални води за топлинска енергија ќе плаќаат надоместок по 2% од утврдената цена за $1м^3$ искористена вода а имателите на рибници по 3% од продажната цена на килограм риба. Исто така, лица кои се занимаваат со миење и сепарирање задолжени се да плаќаат по 2% од цената на 1 $м^3$ сепариран материјал. Лицата кои испуштаат непрочистена отпадна вода во реципиентите се задолжени да плаќаат по 1% од цената на услугата за собирање и третман на отпадни води. Да напоменеме и тоа дека лицата кои вадат песок, камен и чакал од коритата и бреговите на водотеците ќе плаќаат по 5% од цената на 1 $м^3$ изваден материјал. Законот го решава прашањето во кои случаи не се наплаќа надоместок како и наплата на доспеани и ненаплатени надоместоци што не е содржано во постојниот закон, а определени се и соодветни казнени одредби.

Почитувани колеги пратеници, со предложените измени и дополнувања на Законот за водите во целина се имплементираат начелата, корисникот плаќа и загадувачот плаќа. Промовирани во Рамковната директива за води која утврдува обврска за надомест на сите трошоци во врска со водите со што се промовира рационалната употреба на водите. Истовремено Законот ќе придонесе за збогатување на Програмата за унапредување на водостопанството што од друга страна ќа биде од голема корист за граѓаните во општините, населените места како и комуналните претпријатија и водостопанствата. Во суштина запазен е во целост принципот надоместокот од каде што се собира таму и се враќа.

Почитувани колеги, поради се ова што го кажав ние предлагачите очекуваме потполна поддршка за донесување на законот за измени и дополнувања на Законот за водите.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Збор има господинот Драган Ѓорѓиев.

Господине Ѓорѓиев, колку ќе трае вашата дискусија, пет минути?

Повелете.

**Драган Ѓорѓиев:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници,

Според наше мислење ова се значајни измени во Законот за води затоа што грижата и управувањето со води во Република Македонија и делот на финансирањето во таа грижа е многу важно за природните ресурси во нашата држава посебно за водите во Република Македонија. Имено, со донесување на Законот за водни заедници и со Законот за водостопанство имаме постапка на ликвидација на водостопанските претпријатија при што имаме вакум во Законот за води во делот кој што се институциите на државата односно водостопанските претпријатија се грижат за пресметување, наплата и уплатување на тие средства што ги собрале во Фондот за води. Сега немаме по закон институции кои што ќе треба да ги пресметуваат, наплаќаат и уплатат на сметката на Фондот за води овие средства. Тоа значи дека понатаму Програмата за унапредување на водите, грижата за водите во Република Македонија нема пари и нема кој да ја спроведува. Тоа е една од причините за поднесување на овие измени. Друга причина е што во моменталниот и постоечки Закон за води имаме недостатоци посебно во делот на Законот кој што се однесува на правните и физички лица кои се занимаваат со сепарација и миење на песок, камен и чакал каде што не е определено кој го врши пресметувањето. Значи има правна празнина. Нема определено кој го врши тоа пресметување за собирање на средства.

Третата измена која што се предлага во овој Предлог за донесување и изменување на Законот за води е проширување на обемот на оние кои што треба да ги плаќаат овие надоместоци односно проширување во делот на приватни, односно правни или физички лица кои што се посебно од комерцијален карактер. Имено во постоечкиот Закон за води е предвидено правни и физички лица кои користат водоснабдителен систем, домаќинства за секој употребен $м^3$ на вода да плаќаат. Сега ако домаќинствата, сите домаќинства плаќаат одреден процент како надоместок за одржување и управување со водите, зошто не и правни, или физички лица односно субјекти кои ја користат водата за комерцијални цели? Во овој Предлог поточно се дополнува со тоа што правни и физички лица кои користат вода од јавен, или сопствен

водоснабдителен систем за комерцијални цели, на пример производство на пиво, сокови, вода итн, да плаќаат 0,5% од продажната цена на производот. И понатаму е предвидено кој го врши пресметувањето, кој ја врши наплатата, кој ги уплаќа тие средства на Фондот за води. Исто така, проширување се однесува на правни и физички лица кои користат вода од јавен, или сопствен извор, значи се однесува и за правни лица кои што користат вода од сопствен извор, кои што овие води ги користат по пат на топлинска енергија, односно геотермални води и тие да плаќаат 2%. Овде имаме измена од 5% на 2%, имајќи предвид дека се однесува за користење на обновливи извори на енергија кои што треба да се стимулираат во нашата држава. И овде имаме една корекција на 2%, а тие досега не беа опфатени со овие одредби од Законот за води кои што се однесуваат за прибирање на надоместоците за водокорисниците во различни области. Исто така, новина е правни и физички лица кои што се занимаваат со миење, сепарирање на песок, камен, чакал и друго кое што знаеме дека е доста профитабилна дејност, зголемување на надоместок од 1% до 2% од цената на 1м$^3$ сепариран песок, камен или чакал. Исто така, тоа нема да ја оптерети таа дејност, имајќи предвид дека стопански субјекти позитивно работат. Понатаму во постоечките одредби од Законот за води не беше предвидено во кои случаи нема плаќање на корисниците на води, односно сега е предвидено надоместок за користење на води не се плаќа во случаите кога водата се користи за пречистување и вештачко полнење на подземните води, тоа го имаме во нашата држава, за заштита на природата итн. Исто така, е предвидено Фондот за води има право да врши увид и контрола во евиденцијата на пресметување, наплатување и уплата на надоместоците кое што досега во одредбите од Законот не беше предвидено и немаше кој да ја врши таа контрола и надзор. Зголемени се прекршочните и казнените одредби каде што е предвидено дури и да имаме мерка, забрана за вршење на дејноста која што ја обавува.

Со мислењето од Владата кое што е доставено до Собранието на Република Македонија опфатени се овие реформи во водостопанство и се укажува на тоа дека едноставно со водните заедници и за водостопанствата навистина нема кој да ги врши овие наплати односно пресметки. Меѓутоа, се укажува на фактот дека Фондот за води според препораките на Европската унија треба да биде укинат и тие финансиски средства нема во која институција да се влеваат. Овде се поставува прашање и за нас како предлагачи, значи ние имаме предлог да го прошириме обемот на собирање на финансиски средства од институции кои што работат за комерцијални цели. Меѓутоа, доколку овој Фонд за води биде укинат овие финансиски средства за потребите на државата, за потребите на одржувањето и управувањето на водите, за зачувувањето на природниот ресурс во нашата држава и за тоа можеме да кажеме дека имаме малку закони кои што се однесуваат на зачувување на природните ресурси во нашата држава. Ако сега не биде прифатен, ние како предлагачи остануваме на тоа доколку Фондот за води биде укинат некоја наредна институција која што правно ќе ја продолжи работата и организациски на Фондот овие финансиски средства со овие измени да одат преку Законот за води на таа институција. Значи, да не се застане со тоа Фондот за води се укинува, нема потреба од собирање на финансиски средства и нема потреба од грижа и управувањето и одржувањето на водите, затоа што тоа не води никаде. Доколку не биде прифатено наследникот на Фондот за води, дали тоа ќе биде агенција, или било која институција овие финансиски средства треба да ги добива за да понатаму одржливо тече грижата за водите во нашата држава.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Шаќири имате збор.

**Исни Шаќири:** Благодарам претседателе.

Со овој Предлог закон, предлагачите кои се вклучени во изготвувањето на овој Предлог закон за уредување на едно прашање кое е многу значајно за економијата на Република Македонија, посебно за гранката земјоделие, како едно од најголемите барања, било во индустрискиот развој, земјоделскиот развој, меѓутоа и за факторот човек, во овој правец, колку што гледам предлагачите на законот настојувале да уредат прашање кое не е уредено со законот за водостопанство и Заедницата за водите. Сега повеќе се концентрирале на дефинирање на ова прашање, што се однесува на тарифите, кои се предвидени на корисниците на водите, за надоместокот итн.

Во таа област имаме една бедна состојба, имаајќи ја предвид иднината како ќе функционираат некои институции кои дејствувале во рамките на водостопанстовото. Предлагачот повеќе се концентрирал на Фондот за води и собирањето на средставата кои доаѓаат од ова природно богатство.

Би кажал една моја проценка, а тоа е дека со овие закони што ги имаме од областа на водостопанството, сме ги довеле до една незадоволителна ситуација, посебно корисниците на водите од системите за наводнување, во секторот на земјоделието.

Се согласувам со тоа што беше спомнато од предлагачот на законот, прашањето што ќе се случи со Фондот за води. Јас би рекол што ќе се случи и со управувањето со овие системи за наводнување, на пример системот во Куманово, Липково и Глажња, каде има два многу значајни системи што во последно време нивното функционирање не било на предходното ниво. Порано имало и големи злоупотреби во однос на тарифите и надоместоците. Таму, порано, што се можело се направило и законски и незаконски, меѓутоа сега, тоа што е најтрагично е што тој систем со овие реформи, со овие измени кои се направени во постоечките закони, се плашам дека

можеби нема воопшто да функционираат, а не функционирањето на тој систем е голема загуба за целата македонска економија, не само за Куманово и Липково. Меѓутоа, ние секогаш правиме корекции на некои наши грешки, многу доцна, тогаш кога веќе и интервенирањето во било каква форма да биде, ќе биде задоцнето интервенирање и нема да создаде ситуација за надминување на грешките кои денес ни се случуваат. Јас сум за тоа да се стави контрола, како што предлегаат и предлагачите, во однос на тарифите, на надоместоците, било од физичките или правните лица. Меѓутоа, посебно тоа прашање треба да го имаме предвид и да имаме поотсечни и попрофесионални во однос на тоа прашање, познаваајќи ги нашите околности и познаваајќи ги проблемите со кои се соочува населението, посебно во последно време со ова ниво на економски развој и со секојдневни социјални проблеми. Мислам дека треба да бидеме внимателни и предлагачот во некои сегменти, тоа го кажа и предходниот дискутант, треба да создадеме една институција која ќе управува со нив, да не оставиме вакум, затоа што секој вакум ќе не чини многу.

Уште еднаш на крај да кажам дека треба да бидеме многу внимателни во тој правец, посебно околу прашањата било во областа на водостопанството, Водостопанската заедница, треба со еден општ закон да се уреди целата материја, всушност во рамките на законот ние да ги опфатиме сите потреби, почнувајќи од индивидуалните корисници и другите корисници, водата како вода да ја третираме како многу богатство на државата и на целото општество, водата да ја третираме како потребен и задолжителен елемент за развојот и земјоделскиот и индустрискиот развој. Немаше да биде голем проблем како тоа да се уреди. На нас ни е тешка економската состојба и социјалните проблеми се до ниво, сите знаеме до какво ниво се, меѓутоа и тоа прашање треба да се уреди. Добро ќе беше да се концентрираме околу уредувањето на тоа прашање, во иднина да немаме големи дефекти.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Јас ја почитувам заложбата на моите колеги за поднесувањето на предлогот за донесување на закон за изменување идополнување на законот за водите. Едноставно не ми е јасно како после оние закони кои ги донесовме во областа на водостопанстото со кои како Парламент се заложивме дека ќе се подобри заложбата. Некои и после една година и повеќе од донесувањето на тие закони, едноставно не предвидел дека овие средства поминуваат, гледаме и самите колку проблеми имаме токму со овие водостопански претпријатија. Се она што се случи последната година и најавите дека во тој момент донесувањето на таков закон дека ќе донесе многу проблеми во однос на искористувањето на водата и функционирањето на тие водостопански претпријатија што на некој начин рековме дека ќе ги трансформираме, но еве и сега и со овој закон, колегите, и покрај секоја добра намера и желба, во самиот закон предвидуваат дека Фондот за води ќе биде тој што ќе ги врши пресметиките, кој ќе ги добива средствата, но од друга страна се искажува повторно знак прашање, дали и до кога Фондот за води ќе опстојува и после тоа едноставно сретствата ќе треба да ги уплатува и наплатува некоја друга организација или да кажеме некој правен субјект или правна институција која што ќе продолжи да го врши наплатувањето на местото на Фондот за води. Мислам дека таквиот начин на размислување апсолутно не не води никаде, затоа што пред да донесеме некоја одлука, многу од колегите многу пати тука кажале дека можеби е подобро да се донесе и лош закон кој после тоа ќе се доправа и преправа, отколку да не се донесе закон. Но, во вакви ситуации тие закони при донесувањето треба да видиме кои репрекусии врз она што е нормално, функционирањето на стопанството ќе донесат понатаму. Зошто го говорам сето ова? Затоа што уште во првиот член, во членот 1, алинеа 7 која што се променува и која што гласаше: "Правните лица од областа на индустријата освен термоелектричните централи, за секој употребен или искористен метар кубен вода плаќаат по 1% од цената на водата што ја утврдило јавното комунално претпријатие, без разлика дали се водоснадбува од јавен или сопствен водостопанителен систем. Пресметувањето за наплатувањето и оплатувањето за правните лица во областа на индустријата кои се водоснадбуваат од јавен водоснадбилителен систем го врши месечно јавното комунално претпријатие, а за правните лица кои се водоснадбуваат од сопствен водоснадбилителен систем го врши јавното водостопанско претпријатие за сметка за Фондот за водите".

Сега тука имаме една промена. Значи се менува комплетно алинеа 7 и станува прв член, "правните или физичките лица кои користат вода од водоснадбилителен систем, јавен или сопствен, освен производителите на електрична енегрија за секој употребен или искористен метар кубен вода плаќаат по 2%, значи два проценти, се зголемува наплатата за 100%. Пресметувањето на данокот за корисниците на јавен водоснадбилителен систем го врши правното лице кое стопанисува со водоснадбителниот систем". Значи, измената е доколку се предвиди овие јавни претпријатија, јавното комунално, јавното водосопанско претпријатие повеќе да не постојат или даваме некоја нова ситуација со која сите ќе ги третираме како правни лица, го наплатува при наплатата на цената за извршената услуга за снадбување со вода. Го прикажува одвоено во сметката за извршена услуга. Должна е да го уплатува најдоцна до 20-ти.

Мислам дилемата е во тоа. Од цената на водата што ја утврдило јавното комунално претпријатие и

сега имаме едно пресметување на надоместокот го врши правното лице кое стопанисува со водоснадбувалитетниот систем. Мислам таа е големата измена. Во однос на правните и физичките лица за 0,5% можеби е во ред, затоа што тие секако тие ја користат водата, имаме производ кој што треба да учествува во сето ова.

Во однос на домакинствата, исто така, затоа што домакинствата и редовно го плаќаат сето тоа, мислам дека поднесувачите на законот веќе во ставот 4 на членот 1 и самите имаат поднесено амандман, каде што се работи за геотерминалните води. Јас тука не би се согласил со предлагачот, затоа што правните или физичките лица кои користат вода од јавен или сопствен водоснадбилителен на геотермални води за топлинска енергија, плаќаат, беше предвидено по 5%, сега имаме нова тарифа од 2%. Зошто го велам сето ова? Затоа што кажуваме дека овие средства дека се обнонливи извори ќе треба да се искористат за добивање на нови извори. Но, ако сум јас сопственик, или сопствениците на геотермалните извори, води, сигурно ќе се погрижат самите да го прошират тој извор и да можат да донесат повеќе сретста кои што би ги реализирале самите. На овој начин средствата завршуваат не кај оној што ги има изворите и кај оној што може да ја развие оваа ситуација.

Во однос на останатите задолженија, значи ставот 5, каде што се говори за рибите, за 3%, мислам дека тука мораме да поставиме некој механизам, затоа што има рибници кои што продаваат директно од рибникот кои што не влегуваат ни во платниот промет, едноставно се работи и тоа многу добро го знаеме повеќето од нас. Значи, мораме да направиме една цена, и во однс на она што значи рибникот колку има порибување и колку се тие да се плаќа или паушално или пак да има некоја можност да се пресметува она што стварно го дава рибникот, затоа што на овој начин она што ќе биде поминато низ фактури и продадено во рибарници, самите сопственици на рибници се доведуваат во нерамноправна положба. Мислам дека тука мораме да изнајдеме механизам како никој да не биде оштетен.

Во однос на песокот и откупувањето на чакал песок и камен, јас мислам дека и тука, затоа што стои дека пресметувањето на надоместокот го врши правното односно физичкото лице, кое врз основа на дозвола вади песок, чакал и камен, го прикажува одвоено од фактурата при пуштање во слободно правниот промет и е должен да го уплати најдоцна до 5-ти во месецот. Јас мислам дека и тука треба да дефинираме цена по метар кубен за цела држава и таа цена да функционира и во однос на тоа што е ископано да се исплаќа, затоа што на различни места сетоа тоа може различно да функционира и да имало проблеми.

И во однос на членот 4 или новиот член 134-а, мислам дека на овој начин секогаш кога даваме иземање од нешто дека таа ситуација се злоупотребува и може да биде злоупотребена. Зошто го говорам ова? Затоа што вие кажувате дека песокот, чаколот и каменот не се плаќа, ако се употребува за изградба и одржување на заштитни водостопански објекти и објекти во областа на одбраната. Ако тоа излезе, песокот, каменот и чакалот заврши во водостопански организации, оттука многу тешко некој ќе види колку песок, камен и чакал е вградено во некој водостопански објект или пак за нешто што кажувате дека ќе биде извршено во областа на одбраната. Мислам дека и овде не треба да има иземање, затоа што начинот за кои говоревме, и за минералните суровини, мора да биде конципиран заедно и со тој закон, затоа што и на овој начин локалната самоуправа и оние што функционираат на тие делови треба да има дел од ископувањето на овие минерални суровини јас би ги нарекол, значи песокот, каменот и чакалот.

Во ваква ситуација доколку дадеме таква можност мислам дека можноста за манипулација ја зголемуваме и доаѓа вториот став, би замолил предлагачот доколку може комплетно да биде избришан.

Во однос што кажавте за казнената постапка, апсолутно се согласувам и мислам дека прекршокот покрај праричната казна може да се изрече мерка забрана за вршење на дејност. Треба да се дефинира за колку време или воопште забана за вршење понатаму со дејност со сето ова. Мислам дека законот може да допринесе во старт да разрешиме некои ситуации. Но, мислам министерството треба да биде тоа што генерално ќе го реши проблемот, значи генерално проблемот со водоснадбување со водостопанските организации затоа што тука се уште лебди тој проблем и на тој начин и вашиот предлог и покрај сета добра намера утре доколку Фондот за води го нема, ние доаѓаме во ситуација да се бара повторно ново решение. Да не знаеме исто како што беше со законот за радиодифузија, кој ќе биде правниот субјект, кој ќе врши наплата и како ќе се вршат проценките. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Имаме уште двајца пријавени.

Господине Караџоски, што имате да ми кажете?

**Жарко Караџоски:** Имам процедурално.

**Љупчо Јордановски:** Најпрвин да видиме дали има некој за расправа, јас да ја завршиме расправата, па потоа ќе ви дадам процедурално.

Господине Мустафа, вие барате процедурално.

**Неждет Мустафа:** Да.

**Љупчо Јордановски:** Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, ја заклучува расправата.

Повелете господине Караџоски процедурално.

**Жарко Караџоски:** Моето процедурално, претседателе е, барам пола час пауза, во името на мојата пратеничка група.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Мустафа.

**Неждет Мустафа:** Благодарам претседателе.

Навистина ми направивте голема чест што ми овозможивте мојот проблем да го изнесам процедурално, а тоа е за огромната потреба на луѓето кои примаат социјална помош, а на кои 12-на дена има доцни социјалната помош.

Јас дадов цврсто ветување на Ромите во цела Македонија и на Ромите од Шуто Оризари дека денес ќе се обидам со вас тоа да го изнесам.

Сакам да ја искористам можноста и да го замолам Министерството за труд и социјална политика до колку има технички проблеми во однос на доцнењето на исплата на социјалната помош, што е можно најбрзо тоа да го направи, бидејќи како што реков доцни исплатата 12 дена и нема потреба да се создадат непотребни тензии.

Токму од таа причина го молам Министерството за труд и социјална политика под итно да може да им ја дели социјалната помош на социјалните случаеви. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Ова не беше процедурално, но еве сепак имав добра волја тоа да го дозволам, бидејќи беше помалку од една минута.

Еве ви препорачувам да подготвите информација за тоа, во секое време јас ќе го ставам на дневен ред. Додека сум претседател за да се расправа или дискутира.

Половина час пауза побара пратеничката група на ВМРО-Народна партија, ајде нека бидат 27 минути заокружено.

Во 16,30 часот продолжуваме со седницата.

Јас не знам дали се заминати, се побара половина час пауза, јас ја давам, а ако немаме кворум во 16,30 часот, ќе видиме како. . .

(Паузата е дадена во 16,03 часот)

(По паузата седницата продолжи во 16,36 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Треба да гласаме, ги молам координаторите да ме информираат дали воопшто можеме да обезбедиме кворум. Гледам дека ни координаторите ги нема тука, нема ни заменици, со исклучок, така што не можам ни таа информација да ја добијам.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, инаку ќе вклучам 10 минути, па нека ме известат координаторите ако не можат да се соберат.

Ако е така, тогаш овие закони ќе ги чекаат подобрите времиња и затоа дополнително ќе бидете известени кога незавршените седници ќе бидат продолжени.

Некој прашуваше, за сигурно, утре и задутре, четврток и петок немаме седница.

Новото наше среќавање и дружење ќе биде на 7 февруари со новата седница. Благодарам. Пријатно.

(Седницата прекина во 16,38 часот)